## **Соопштение за ТРЕТАТА (август/септемвриска) испитна сесија во учебната 2023/2024 г.**

се известуваат редовните и вонредните студенти на Природно-математичкиот факултет во Скопје, дека ТРЕТАТА (август/септемвриска) сесија во уч. 2023/2024 година ќе се одвива во две декади во периодот од:

**22 август 2024 –25 септември 2024 (две декади)**

- 28.08.2024 г. (среда) е неработен ден, Успение на пресвета Богородица (православна вероисповест)
- 09.09.2024 г. (понеделник) е неработен ден, 8 септември, Ден на независноста
- 16.09.2024 г. (понеделник) е неработен ден, Прв ден на Јом Кипур (еврејска заедница)

**ТЕРМИНИТЕ** ги објавуваат институтите при факултетот.

ПРИ ПРАВЕЊЕТО НА РАСПОРЕДОТ ТРЕБА ДА СЕ ВНИМАВА ПОМЕЃУ ТЕРМИНИТЕ ОД ПРВАТА И ВТОРАТА ДЕКАДА, ДА ИМА МИНИМУМ 10 ДЕНА (согласно чл.45, од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ, бр.417, 29 јануари 2019).

Студентите во третата испитна сесија, можат да полагаат предмети слушани во зимскиот и во летниот семестар во уч.2023/2024 година (семестрите административно, треба да им се уредно запишани и заверени).

**НАПОМЕНА 1** - начин на пријавување на испитите

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЕЛЕКТРОНСКОТО ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИТЕ** ВО **ТРЕТАТА ИСПИТНА СЕСИЈА** ВО УЧ.2023/2024 ГОДИНА, ВО I-KNOW СИСТЕМОТ, ЌЕ СЕ ОДВИВА ОД:

**08.07.2024 од 21.08.2024**

ПРАВО НА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЌЕ ИМААТ САМО ОНИЕ СТУДЕНТИ КОИ **ЕЛЕКТРОНСКИ УРЕДНО ЌЕ ГО ПРИЈАВАТ ИСПИТОТ И КОИ УРЕДНО ГИ ИМААТ ИСПОЛНЕТО ОБВРСКИТЕ ЗА ПРЕДМЕТОТ (потписи во индекс и во i-know системот).**

| **Што значи уредно пријавен испит?** |
|---|
| 1. Студентот задолжително треба да го пријави испитот електронски , преку својот профил во iknow системот. (кратко упатство, подоле)<br>2. Студентот покрај задолжителното електронско пријавување на испитот, на денот на полагање на испитот треба да носи со себе индекс и пријава за испит (хартија). |

**НАПОМЕНА 2**

**Само** вонредните студенти и редовните студенти, кои се префрлени по нова студиска програма**,** при пријавување на секој испит заедно со пријавата за испит треба да достават (прикачат) уплатница за уплатени 200,00 денари за испит, уплатени на жиро-сметката на ПМФ.

| **сите уплати се вршат на образец ПП50**: | |
|---|---|
| - назив и седиште на примач | ПМФ – СКОПЈЕ |
| - банка на примач | НБРСМ |
| - трансакциска сметка | 100000000063095 |
| - сметка на буџетски корисник на ПМФ | 1600110804 788 19 |
| - приходна шифра програма начин | 723013 - 41 – 2 |

**НАПОМЕНА 3**

Запишувањето на зимскиот семестар во уч. 2024/2025 година, ќе се одвива во периодот од **16.09.2024 до 30.09.2024 г.** Соопштението за организацијата на запишувањето на зимскиот семестар во уч.2024/2025 година, ќе биде дополнително објавено.

**НАПОМЕНА 4**

Студентите треба да почитуваат напомените, затоа што целта е на студентите да им се олесни процедурата на добивање оценка во хартиена пријава на крај на секоја сесија и да се елиминира проблемот на студентски досиеја во кои недостигаат голем дел хартиени пријави за положени испити, особено пред дипломирање. Се пријавуваат сите испити кои студентот планира да ги полагаа во сесијата.

Студентите кои предметите ги полагаат преку колоквиуми, исто така треба да ги пријават електронски испитите.

Сите студенти на ПМФ испитите ги пријавуваат на ПМФ, без разлика каде ги слушале.

Студентите плаќаат по 400,00 ден. надоместок за задоцнето пријавување испит (пријавување на испити по рокот), ако електронски не го пријават испитот во дефинираниот рок.

**ПОДРШКА и комуникација со студентите**

Доколку имате недоследности поврзани со податоците во вашето електронско досие (предмети, испити и сл.) пратете електронска порака со опис на проблемот, број на индекс, на одговорните во Одделението за студентски прашања на следниве електронски адреси:

-lidija.mitevska@pmf.ukim.mk

(Институт за биологија, студиски програми: биохемија и физиологија, биологија-за наставни кадри за средно образование, екологија/екологија и животна средина и двопредметни студии по биологија–хемија);

- elenat@pmf.ukim.mk

(Институт за биологија, студиски програми: молекуларна биологија со генетика и нутриционизам);

-ivanam.ristovska@pmf.ukim.mk (Институти за: математика, физика, географија и двопредметни студии по математика-физика);

-elenad@pmf.ukim.mk (Институти за: хемија и етнологија и антропологија);

-keti@pmf.ukim.mk Раководител на Одделението за студентски прашања.

**Кратко упатство**:

Во модулот "пријави" студентот треба да прати електронска пријава за испит за некој од запишаните предмети. Во ова поле се евидентираат сите испратени пријави од студентот за полагање на одредени предмети. Пријавувањето на предметите за полагање е овозможено само во период означен од студентската служба (последниот ден за пријавување е еден ден пред започнување на сесијата). Во табела се прикажуваат сите предмети кои сте ги слушале и можете да ги пријавите. Предметите кои сакате да ги пријавите ги „чекиравте" во полето од последната колона и од паѓачкото мени со понудени професори го избирате оној кај кој сте го слушале предметот. Со кликање на копчето "пријави" одбраните предмети се пријавуваат за одбраната сесија. Подоле во табела се прикажуваат сите пријавени предмети за следниот семестар.

05.07.2024 година од деканатот,